# MECHANISMS FOR IMPLEMENTATION AND EVALUATION OF THE CONCEPT OF CULTURAL HERITAGE PROTECTION IN THE CONTEXT OF SUSTAINABLE URBAN DEVELOPMENT

**Anastasija Trajkovska**
Architectural-urban office d.o.o.e.l. ANRIDIZAJN – Bitola, RSM, anridis@t-home.mk

**Abstract:** Cultural heritage protection and sustainable development are in themselves complex, multidisciplinary and normative concepts, often challenge, and thus a serious scientific challenge that will aim to understand and position cultural heritage within sustainable development. The research of the relationship between them, as well as the process of accepting cultural heritage as an equal forth pillar on which sustainable development is based are most often related to perception, that is recognition of cultural heritage as one of the key factors for implementing strategies for sustainable development of national and especially at the local level. The implementation of the complex goals of the 2030 Sustainable Development Agenda and the New Urban Agenda, as current strategic documents from which national and local strategies for sustainable development should emerge today, emphasize the need to create feasible action plans and evaluation tools, which will implement and confirm the goals of sustainable development. In the context of urban development processes, the idea of preservation of the cultural identity, ass pillar of local community development places cultural heritage in the focus of creating its own urban development policies, thus making its development sustainable, diverse and inclusive. However, the answer to the key question of whether real cultural heritage can play in realizing the concept of sustainable urban development can only be positive if we are able to produce empirical evidence of its connection to socio-economic productivity and improving the urban environment. Analyzing and synthesizing scientific research and internationally accepted documents related to understanding the relationship between protection, preservation and revitalization of cultural heritage and sustainable urban development focused on multidimensional development approaches that offers multiple benefits to the overall urban environment as a whole, this paper will attempt to define the mechanisms and evaluative tools that will confirm the potential of cultural heritage in the context of achieving sustainable urban development of a community.
**Keywords:** cultural heritage, sustainable urban development, indicators and variables to assess the potential of cultural heritage in the context of sustainable development

# МЕХАНИЗМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ И ЕВАЛУИРАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО КОНТЕКСТ ОДРЖЛИВИОТ УРБАН РАЗВОЈ

**Анастасија Трајковска**
Архитектонско-урбанистичко биро д.о.о.е.л АНРИДИЗАЈН-Битола, РСМ, anridis@t-home.mk

**Резиме:** Заштитата на културното наследство и одржливиот развој се сами по себе комплексни, мултидисциплинарни и нормативни концепти, често оспорувани, па со самото тоа се сериозен научен предизвик кој ќе има за цел разбирање и позиционирање на културното наследство во рамките на одржливиот развој. Истражувањето на врската помеѓу нив, како и процесот на прифаќање на културното наследство како рамноправен четврти столб на кој се потпира одржливиот развој најчесто се поврзани со согледувањата, односно препознавањето на културното наследство како еден од клучните фактори за имплементирање на стратегиите за одржлив развој на национално и особено на локално ниво. Имплементирањето на комплексните цели на 2030 Агендата за одржлив развој и Новата Урбана Агенда, како актуелни стратешки документи од кои треба да произлегуваат националните и локалните стратегии за одржлив развој денес, ја нагласуваат потребата од креирање на изводливи акциони планови и евалуативни алатки, со кои ќе се спроведат и потврдат целите на одржливиот развој. Во контекст на урбаните развојни процеси, идејата за сочувувањето на културниот идентитет, како столб на локалниот развој на заедницата го поставува  културното наследство во фокусот на креирањето на сопствените политики за урбан развој, со што нејзиниот развој станува одржлив, различен и инклузивен. Сепак, одговорот на клучното прашање дали недвижното културно наследство може да игра улога во остварување на концептот за одржлив урбан развој може да биде позитивен само ако сме способни да продуцираме емпириски докази за неговата поврзаност со социо - економската продуктивност и подобрувањето на животната средина на градовите. Анализирајќи ги и

синтетизирајќи ги научните истражувања и меѓународно прифатените документи кои се поврзани со согледувањето на односот на заштитата, одржувањето и ревитализацијата на културното наследство и одржливиот урбан развој фокусирани на мултидимензионалниот развоен пристап кој нуди повеќекратен бенифит за севкупното урбано окружување како комплексен и жив систем, во овој трут ќе се направи обид да се дефинираат механизмите и евалуативните алатки кои ќе го потврдат потенциалот на културното наследство во контекст на остварување на одржлив урбан развој на една заедница.

**Клучни зборови**: културно наследство, одржлив урбан развој, индикатори и вариабли за проценка на потенцијалот на културното наследство во контекст на одржливиот развој

## 1.ВОВЕД

Во последните две децении, од како австралискиот истражувач John Howkes (2001г.) ја разви идејата за поставување на културата како четврт столб на одржливиот развој, направени се низа на заложби, истражувања и проекти на поединци и меѓународни организации кои целат да развијат методологија и концептуална рамка за проценка на учеството на културата и културното наследство во целите на одржливиот равој. Од друга страна, поаѓајќи од принципите, заложбите и препораките на *Агендата 21 за култура*[44](2004г.), која нуди можност секој град да креира долгорочна визија за културата и културното наследство како столб на својот развој, низа на истражувања, меѓународни документи и добри пракси стојат во одбрана на идејата за локализирање на целите на Агендата 2030 за одржлив развој, сместувајќи ги токму културата и културното наследство во средиштето на локалните развојни процеси. Земајќи ги во предвид локалните карактеристики (културниот идентитет, историјата, демогарафските и топографските карактеристики, големината на градовите, локалната власт, виталноста на граѓанското општество), неопходно е секој град да изнајде сопствена формула која ќе одговара на неговите потреби и можности, односно да развие посебни алатки кои ќе обезбедат одржлив урбан развој.

Во овој труд се прави обид да се согледа глобалната рамка на индикатори и вариабли кои ја потврдуваат улогата на културното наследство во одржливиот развој, како и да се дадат насоки за нивно локализирање, односно усогласување со специфичните услову, потреби и барања на граѓаните на локално ниво.

## 2. АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ИНДИКАТОРИТЕ И ВАРИАБЛИТЕ ЗА ПРОЦЕНУВАЊЕ НА УДЕЛОТ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОДРЖЛИВИОТ УРБАН РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

Недвижното културно наследство кое продуцира културно-историски вредности со кои се потврдува значењето на местото, претставува културен капитал, односно „необновлив ресурс“, кој преку неговото вреднување како економска категорија треба да продуцира социо-економски бенифит за заедницата. Иако заштитата на градителското наследство примарно е организирана за да ги сочува и зголеми неговите културни вредности, сепак во интерес на сопствениците, корисниците и општо сите граѓани, нејзиниот економски аспект е неопходен сегмент во процесот на постигнување на одржлив развој на самото културно наследство, но и севкупен одржлив развој, особено на локално ниво каде територијално припаѓаат конкретните заштитени добра. Креирањето на квалитетна подлога за зачувување на неговите вредности подразбира негово формално дефинирање како ресурс кој „оплодува залихи на културни вредности и дава изобилие од добра и сервиси кои и самите имаат културни вредности“[45], а истовремено продуцираат економски вредности кои се добиваат како приход од тоа. Економската перспектива на заштитеното изградено окружување, во последните децении станува предизвик во креирањето на националните и локалните легислативни и стратешки пристапи на сите земји во светот кои се стремат кон зачувување на сопствениот културен диверзитет. Согласно на тоа, повеќето од досега развиените индикатори и вариабли се фокусирани на економската димензија на културното наследство, како „форма на социо-економски фактори поврзани со урбаната регенерација, богатството и креирањето на работни места, дури и зголемување на културната партиципација која може да се поврзи со социјалните избори и развојот на зедницата“[46].

[44] UCLG-Committee on culture(2004*) Agenda 21 for culture,* Barcelona http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/ag21_en.pdf
[45] *Throsby, D. (2007)"Regional aspects of heritage economics:analytical and policy issues". Australian jurnal of regional studies, vol.13 No.1,*http://www.anzrsai.org/system/files/f8/f4/f37/f38/o178//Throsby.pdf
[46] Petti, l. Trillo, C. Makore N, Bosiswe. (2020)"*Cultural Heritage and SustainableDevelopment Targets: A Possible Harmonisation? Insights form the European Perspective*". *Sustainability* 2020, *12*(3),926; https://doi.org/10.3390/su12030926

Согласно *Агендата 21 за кул*тура, видливи се заложбите на UCLG уште од 2006г., за конституирање на културни индикатори за подршка на спроведувањето на оваа агенда[47], соочувајќи се со недостаток на квалитетна база на податоци, и различност во пристапот на културните политики на своите членки, кои беа следени и од други релевантни организации и институции, како и поединци од научната фела која го истражува импактот на културата и културното наследство со одржливиот развој. Анализите и согледувањата поврзани со проценувањето на уделот на културата во одржливиот урбан развој во овој трудот се поставени во временската рамка од усвојувањето на *2030 Агендата за одржлив развој*[48] (2015г.) и донесувањето на *Новата урбана агенда: Хабитат III*[49] (2016г.), се до денес, како два актуелни документи чии индикатори за успешност, на одреден начин ја прават културата релевантна во остварување на глобалните цели на одржливиот урбан развој. Согледувајќи ја фокусираноста на овие два документи кон потребата да ги придвижат своите принципи кон акции, подвлекувајќи ја улогата на еваулативните процеси, преку критичка анализа на 40 студии на случаи, Nocca[50](2017г.), го дефинира мултидимензионалниот импакт на културниот предел и регенерацијата, исфрлувајќи 177 индикатори за проценување на „продуктивноста на културното наследство“ кои се поделени во 9 области. Давајќи критичка анализа на импакните категории, Nocca подвлекува дека имактот на културното наследство е највидлив кај туризмот и кај недвижниот имот, но важно е да се разбери, не само колку развојот „продуцира во секоја категорија, туку колку овој развој е одржлив“[51].

Последните години креирањето индикатори базирани на емпириски докази и евалуативни методи за проценка на учеството на културата и културното наследство во урбаните одржливи развојни процеси, останува главна тема во многу меѓународни дебати и истражувања. Во контекст на тоа видливи се многу напори на меѓународно ниво за креирање на инструменти за собирање на податоци и информации потребни за проценка на дефинираните индикатори, како и за дефинирање на самиот процесот на нивно собирање, кои треба да бидат на товар на секоја земја посебно. Од гледна точка на ЕУ, во моментот на истражување во овој труд најчесто се користат податоците добиени од Eurostat, каде „постоечките културни статистики (2019г.), вклучуваат статистика на економската димензија на културата и културна партиципација од перспектива на поединци“[52], како и од HEREIN- Европска мрежа за информации за културното наследство, основана во 2014г., во рамките на Советот на Европа. На меѓународно ниво, се прават напори овие информации да се согледаат низ работата на институтот за статистика во рамките на UNESCO – UIS, кој развива глобален инструмент за собирање на податоци од своите земји членки. Сепак основниот инструмент за собирање на податоци мора да биде разработен на ниво на локалните заедици, кои го „ранат“ соодветното националното ниво на податоци поврзани со проценување на уделот на културата и културното наследство во одржливиот развој на локално, национално и на крај на меѓународно ниво.

Сред досегашните согледувања заштитеното изградено окружување, односно недвижното културно наследство, доминира во расположивите бази на податоци, а неговото презентирање, претставување, заштита и развој, поставени наспроти барањата и мотивациите на заедницата, претставува главна потврда за „местото“, поврзувајќи ги луѓето со него. Овие расположиви бази на податоци претставуваат базична подлога за развивање на индикатори во „форма на социо-економски фактори поврзани со урбаната регенерација, добросостојбата и креирањето на работни места“[53], изразени особено преку:

- јавните и приватните трошоци во самиот сектор – заштита на културното наследство;
- зголемувањето на можностите за вработување, креирање на работни места во импактните сектори;
- поврзани со туристичката понуда и побарувачка на градовите со значително културно наследство.

## 2.1 ГЛОБАЛНА РАМКА НА ТЕМАТСКИ ИНДИКАТОРИ РАЗВИЕНИ ОД UNESCO

Развивањето на тематските индикатори за култура (TIC) во 2030 Агендата за одржлив развој, во рамките на UNESCO, е резултат на соработката во која беа инволвирани голем број на институции и професионалци од

---

[47] UCLG-Committee on culture(2006) *Cultural indicators and Agenda 21 for culture*, Barcelona http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/doc_indic_en_0.pdf

[48] UN (2015). Trasforming our World: The 2030 Agenda for sustainable development. A/res/70/1 General assembly. Seventieth session. https://sustainabledevelopment.un.org/post2015/transformingourworld

[49] UN (2016). *New Urban Agenda*. Habitat III, A/res/71/256 Unitet Nation Conference on Housing and Sustenable Urban Development. Kioto. http://habitat3.org/wp-content/uploads/NUA-English.pdf

[50] Nocca, F. (2017) “The Role of Cultural Heritage in Sustajnable Development: Multidimensional Indicators as Decision-Making Tool”. MDPI. Sustainability, 2017, 9(10), 1882, (5) https://www.mdpi.com/2071-1050/9/10/1882/htm

[51] ibid

[52] Petti, l. Trillo, C. Makore N, Bosiswe. (2020)”*Cultural Heritage and SustainableDevelopment Targets: A Possible Harmonisation? Insights form the European Perspective*”. *Sustainability* 2020, *12*(3), 926; https://doi.org/10.3390/su12030926

[53] ibid

областа на заштитата на културното наследство и одржливиот развој во периодот од 2017-2019г. UNESCO – TIC, е „рамка на тематски индикатори чија цел е мерење и мониторирање на напредокот на учество на културата во националното и локалното имплементирање на целите и дострелите на 2030 Агендата за одржлив развој“[54], како и:

- проценување на улогата на културата како сектор на активности,
- трансферзалното учество на културата низ различните цели одржливиот развој.

Овие индикатори обезбедуваат концептуална рамка и методолошки инструмент за проценка на придонесот на културата и културното наследство во делот на целите на одржливиот развој на пооделни земји и градови како дел од постоечките механизми за спроведување на 2030 Агендата на национално и локално ниво, а со собраните докази и информации, помагајќи им во ре-креирањето на политиките, носењето на одлуки и оперативните акции.

Предложените тематските индикатори за култура - CULTURE / 2030 Indicators, се подржани од концептуална рамка од 4 поврзани тематски димензии, а секоја од нив комбинира неколку цели и дострели на *2030 Агендата за одржлив развој*, кои ја опфаќаат повеќеслојната и поврзувачката улога на културата и културното наследство со одржливиот развој. Оваа рамка дава приоритет на областите кои се релевантни со мандатот на UNESCO во културата и за кои релевантнтните квалитативни и квантитативни податоци се веќе достапни или лесно ќе бидат идентификувани. Предложените индикатори низ дадените тематски димензии имаат за цел да ги проценат:

- нивото на обврските на земјите кон сочувување на културното и природното наследство на национално и локално ниво, обезбедувајќи докази за одржливо менаџирање со наследството и инклузија со традиционалните знаења, како и проценувањето на физичките/ просторните аспекти на квалитетот на урбаното окружување, вклучувајќи ги јавните простори и културната инфраструктура (димензија бр.1 – окружување и прилагодливост);
- придонесот на културата и културното наследство за водење и овозможување на поинклузивна и одржлива економија, генерирање на приходи и вработување, како и стимулирање на приходи преку културни добра, услуги и претпријатија, односно нивното учество во клучните аспекти на локаниот и националниот економски развој (димензија бр.2 – просперитет и животни производи);
- уделот на културата и културното наследство во градењето на знаења и вештини, акцентирајќи ја улогата на културниот диверзитет, културното наследство и креативноста на населението (димензија бр.3 – вештини и знаења);
- учеството на културата и културното наследство во градењето на социјална кохезија, како и во зајакнувањето на инклузијата и партиципативноста, како и начините на кои културните пракси, градовите, нивните елементи и експресијата на пренесените вредности и вештини стануваат погодни за социјална инклузија (димензија бр.4 – инклузија и партиципација).

Методолошкиот пристап кон секој од 22 предложените индикатори, нуди пресметковна метода која овозможува пристап базиран на докази, продуцирани од колку што е возможно, постоечки извори на квалитативни и квантитативни национални и локални податоци, предлагајќи придонесот на културата во урбан контекст да се мери независно, за да се обезбедат специфични податоци за градовите, што може да помогнат во унапредувањето на улогата на културата за одржливиот урбан развој и да ја зајакнат синергијата помеѓу постоечките мрежи и програмите на UNESCO. Ефикасното имплементирање на CULTURE / 2030 Indicators, бара изградба на статистички и аналитички капацитети на релевантните агенции и подобрување на разбирањето на улогата на културата и нејзините специфики. Овие индикатори се аспиративна алатка, за подршка на земјите и градовите во проценувањето на сопствениот прогрес и мерење на импактот од нивните политики, како и поставување на културата во јадрото на политиките за одржлив урбан развој.

## 2.2 ЛОКАЛИЗИРАЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ИНДИКАТОРИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЦЕЛИТЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

Секој град има свои амбиции за урбан развој, овие амбиции се преведени во цели, целите се претвораат во акции со распределување на расположивите ресурси, а индикаторите претставуваат показатели со кои се потврдува успешноста и постигнувањето на целите. Имајќи ја во предвид неопходноста од „локализирање“ на имплементацијата на 2030 Агендата за одржлив развој, многу е важно да се направи обид за дефинирање на локални индикатори кои ќе ја потврдат успешноста на предвидените акции и постигнувањето на нејзините цели и дострели. Денес локалните амбиции за урбаниот развој треба да се поврзани и водени од

[54] UNESCO (2019). CULTURE / 2030 Indicators. Paris. http://uis.unesco.org/sites/default/files/documents/publication_culture_2020_indicators_en.pdf

целите на одржливиот развој дефинирани со 2030 Агендата на ОН, која нуди индикатори за секој од своите 169 дострели[55]. Но овие глобални индикатори не се линеарно апликативни или достапни на локално ниво во различни земји, па така секоја локална заедница неопходно е да креира сопствени индикатори кои ќе обезбедат истите да го пратат напредокот на одржливиот урбан развој, согласно своите расположиви ресурси, можности и потреби. Следејќи го примерот на Белгија[56], каде е формиран сет од 205 индикатори поврзани со *целите на одржливиот развој*, локалнот пристап за креирање на индикатори треба да биде базиран на следните критериуми:

- релевантност за локалниот урбан развој;
- нивото на влијание на локалната власт;
- достапност на податоци;
- поврзаност на индикаторите на глобално ниво.

За да може успешно да се следат локалните процеси кои треба да обезбедат одржлив урбан развој на заедницата, неопходно е да се направат следните чекори:

1. креирање на линк помеѓу повеќегодишните планови за урбан развој со целите на одржливиот развој;
2. аналитички пристап околу структурата на самиот процес;
3. одредување на индикатори и методологија за нивно мерење;
4. собирање на податоци на национално и локално ниво;
5. доставување на континуирани извештаи од спроведените акции;
6. проценување на завршниот процес.

Ваквиот начин на работа со помош на индикатори е релативно нов за локалните власти и често наидува на отпор, па е потребно време и посветеност за негово развивање и имплементирање. Употребата на индикаторите, помага покрај другото да се добие шанса за оправдување на политиките за урбан развој на локално, но и на национално ниво. Исто така со мониторирањето на времените достигнувања може да се воочат работи кои го проверуваат и потврдуваат уделот во очекуваниот развој, со што ќе може да се обезбедат флексибилни прилагодувања на развојните процеси. Во тој контекст неопходно е јасно утврдување на целите и улогата која ја има локалната власт во глобалните предизвици кои водат до одржлив развој, што бара јасно посочување кој е политички и административно одговорен за одржливите урбани развојни процеси.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА РЕСУРСНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗАШТИТЕНОТО ИЗГРАДЕНО ОКРУЖУВАЊЕ ВО КОНТЕКСТ НА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ОДРЖЛИВИОТ УРБАН РАЗВОЈ

Во последната деценија се развиваат низа на истражувања и проекти, проследени со добри пракси, кои ја потврдуваат улогата на културата и културното наследство во обезбедувањето на одржливиот развој и кои ги користат локалните заедници како „лабаратории за тестирање на ефикасни и соодветни солуции за решавање на глобалните проблеми“[57] на човештвото. Подржан од студии на случаи низ целиот свет *Глобалниот извештај на културата за одржливиот развој*[58] на UNESCO (2016г.), нуди глобална слика на улогата на културата како база за одржлив развој, низ примери каде ја „покажуваат силата на културата како стратешки пристап во креирањето на градови кои се поинклузивни, креативни и одржливи“ и во кои „креативноста и културниот диверзитет беа клучни водичи во урбаниот успех“. Исто така, следејќи ја студијата за *Културата, Градовите и Идентитетот на Европа* [59](2016г.), која нуди препораки до политичките власти, професионалците во урбаното администрирање и планирање и останатите заинтересирани страни за развивање на нова институционална рамка за имплементирање на целите на одржливиот развој базирана на културната димензија, јасно се потврдува клучната улога на културниот идентитет на градовите за изнаоѓање на структурни одговори и решенија за социо-економските предизвици со кои се соочува ЕУ денес.

---

[55] UN (2016). Statistical Commission. Report of the Inter-Agency and Expert Group on Sustainable Development Goal Indicators. https://unstats.un.org/unsd/statcom/47th-session/documents/2016-2-IAEG-SDGs-Rev1-E.pdf

[56] VVSG. Local Indicators for the 2030 Agenda (Sustenable development goals) https://www.vvsg.be/Internationaal/SDG-pagina/documents%20in%20foreign%20languages/manual_local%20SDG%20indicators.pdf

[57] UCLG(2015) *Culture 21: Actions- Commitments on the role of culture in sustainable cities*, Bilbao http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/c21_015_en_0.pdf

[58] UNESCO(2016), Culture urban future: global report on culture for sustajnable urban development http://www.unesco.org/culture/culture-for-sustainable-urban-development/pdf-open/global-Report_en.pdf

[59] EU-European Economic and Social Committee (2016) *Culture, Cities and Identity in Europe,* Brussel http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/en/eesc-culture_cities_identity_low.pdf

Согласно сето ова, со цел да се развијат нови идеи и акции за остварување на целите на одржлив локален развој, базирани на културниот диверзитет, односно културниот идентитет, изразен преку културното наследство и креативноста на наленението неопходно е секоја земја на национално и локално ниво да го согледа сопственото културен потенцијал кој го поседува.

Проценката на ресурсната вредност на културното наследство мора да се базира на јасно дефинирани критериуми кои ќе се релавантни во контекст на заштита на културното наследство во конкретниот урбан предел и во контекстот на обезбедување на одржлив урбан развој на заедницата. Имено, овие критериуми мора да бидат разгледувани и дефинирани од две гледни точки:

- преку усогласување на целите на заштитата на културното наследство и целите на одржливиот развој (на национално и меѓународно ниво);
- преку преведување на глобалните целите на 2030 Агендата за одржлив развој на локално ниво.

Овие критериуми проследени во неколку последователни и циклични чекори, со својата релевантност треба да обезбедат евалуативна рамка која ќе ја потврди на квалитативен и квантитативен начин улогата на заштитеното изградено окружување во контекстот на одржливиот урбан развој, на конкретниот урбан простор.

Со цел да се воспостави методологија и концептуална рамка за проценка на учеството на културното наследство во целите на одржливиот развој на локално, а потоа на национално и меѓународно ниво неопходно е

*– јасно дефинирање на зоните со заштитено изградено окружување на локално и регионално ниво*.

Одговорните институци, локалните власти и сопствениците и корисниците на заштитените добра мора да поседуваат доволно податоци, за ресурсите на сопственото културно наследство кое го поседуваат како и инфраструктурна можност за негово мониторирање. Ваквата база на податоци мора да биде континуирано ажурирана, како на локално, така и на меѓународно ниво, а пристапноста до просторното мапирање на културното наследство да биде јавна, презентирана со помош на ГИС-базираните геопортали.

Оваа база на податоци, од една страна мора да биде во согласност со важечките легислативи кои се однесуваат на заштитата на културното наследство на национално ниво, но од друга страна, со цел да се добие порелевантна база на податоци, која ќе може да биде компаративна со другите земји, мора да се направи обид за генерално усогласување на таксономијата, класифицирањето и вреднувањето на различните категории на културно наследство на меѓународно ниво, што претставува проблем поврзан со време и финансиски средства.

*– јасно дефинирање на насоките кон подобрување на постоечката состојба на заштитеното изградено окружување, преку негово интегрирање во современиот живот на заедницата на локално ниво.*

*– јасно дефинирање на стратешките намери за урбанистичките и социо-економските трендови на локалната заедница, согласно ресурсните можности, потребите и барањата на заедницата, земајќи ги во предвид целите на заштитата на културното наследство.*

*– идентификување на сет од релевантни и мерливи индикатори кои ќе го потврдат уделот на културното наследство во одржливите развојни процеси на локалната заедница, следени со содветна алатка за собирање на податоци во контекст на потребите на индикаторите.*

Овие согледувања јасно насочуваат дека *основните предизвици на локалните развојни политики* на еден град мора да се базираат на добар дијалог помеѓу традицијата и модерното. Секоја традиција која не е во состојба да биде во интеракција со сегашноста станува „ирелевантен фосил“[60], но и обратно, културната традиција која не се ангажира и не се инволвира во сегашноста, станува „рофка“[61] и има опасност од нејзино деградирање. Локалните развојни политики сместени во пресекот помеѓу „симболичното и експресивното, врвните културни експресии и културата на секојдневниот живот“[62], односно, културниот идентитет изразен преку културното наследство, различноста и креативностана локалната заедница треба да бидат почетна точка на која се базираат развојните процеси на еден град. Урбаната одржливост зависи од комплексни и пресечни интеракции помеѓу природниот систем и изградениот окружување, јавните и приватните иницијативи, како и од јасното согледување на потребите и можностите на заедницата. Рехуманизирањето на урбаното окружување преку „*нов, културно сензитивен урбан развоен модел*“[63], ќе има витална улога во одржливите развојни процеси на денешниот свет каде „социјалната и просторната сегрегација,

[60] UCLG(2015) *Culture 21: Actions- Commitments on the role of culture in sustainable cities*, Bilbao http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/c21_015_en_0.pdf
[61] ibid
[62] ibid
[63] UN (2015), *Habitat III Issue Papers 4 – Urban Culture and Heritage.* https://europa.eu/capacity4dev/

нерамномерната дистрибуција на богатства и пристап кон ресурси, дискриминацијата, нееднаквостите и климатските промени“[64] се главни предизвици на нашиот развој.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Анализираните меѓународни документи, промовираат интегративен и холистички пристап кон заштитеното изградено окружување, нагласувајќи ја важноста на културниот диверзитет, традиционалните знаења и креативноста на населението, поврзувајќи го постапувањето со заштитените добра на еден град, со неговите современи урбани развојни процеси, со што се потврдува неговата улога во обликувањето на севкупното животно окружување на една заедница и тоа на одржлив начин. Синтетизирајќи ги заклучните согледувања од анализите во овој трудот станува сосем јасно дека заштитеното изградено окружување има потенцијал да обезбеди одржлив урбан развој, а со тоа да придонесе и во севкупниот одржлив развој на општеството во целост. Или попрецизно, културното наследство има потенцијал да ја овозможи и развие економската, социјалната и еколошката одржливост, да го сочува нашиот идентитет и да го дефинира нашето идно наследство, затоа тоа мора биде сместено во центарот на развојните политики на локално, национално и меѓународно ниво, потенцирајќи го неговиот придонес за добросостојба на заедницата. Затоа е многу важно секој земја, особено на локално ниво јасно да ги дефинира критериумите за проценување на ресурсните вредности на сопственото културно наследство, како еден од базичните чекори за креирање на одржливите урбани развојни процеси.

Ценејќи го одржливиот развој како глобален концепт, чија успешност зависи од неговото имлементирање на локално ниво, согледувањат од овој труд насочуваат кон креирање одржливи локални развојни стратегии, произлезени од поврзувањето и меѓузависноста на културата, културното наследство и одржливиот развој, но не само како концепт кој ќе ги намали контрадикторностите кои произлегуваат од можностите и аспирациите на заедницата, туку низ нивно реално имплементирање со јасни и мерливи индикатори кои ќе ја потврдат успешноста на предвидените локални развојни процеси.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

EU-European Economic and Social Committee (2016). *Culture, Cities and Identity in Europe,* Brussel http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/en/eesc-culture_cities_identity_low.pdf

Gravagnuolo, A., Girard, F., Luigi, Ost, C., & Saleh, R. (2017). “*Evaluation criteria for a curcular adaptive reuse of cultural heritage*”. BDS. 17(2)- 185-215

Nocca, F. (2017). “The Role of Cultural Heritage in Sustajnable Development: Multidimensional Indicators as Decision- Making Tool”. MDPI. Sustainability, 2017, 9(10), 1882, (5) https://www.mdpi.com/2071-1050/9/10/1882/htm

Petti, l., Trillo, C., Makore, N., Bosiswe. (2020).”*Cultural Heritage and SustainableDevelopment Targets: A Possible Harmonisation? Insights form the European Perspective*”. *Sustainability* 2020, *12*(3),926; https://doi.org/10.3390/su12030926

Throsby, D. (2007).”*Regional aspects of heritage economics:analytical and policy issues”. Australian jurnal of regional studies, vol.13 No.1*,http://www.anzrsai.org/system/files/f8/f4/f37/f38/o178//Throsby.pdf

UCLG-Committee on culture(2004*) Agenda 21 for culture,* Barcelona http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/ag21_en.pdf

UCLG-Committee on culture(2006) *Cultural indicators and Agenda 21 for culture*, Barcelona http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/doc_indic_en_0.pdf

UCLG(2015) *Culture 21: Actions- Commitments on the role of culture in sustainable cities*, Bilbao http://www.agenda21culture.net/sites/default/files/files/documents/multi/c21_015_en_0.pdf

UN (2015). Trasforming our World: The 2030 Agenda for sutainable development. A/res/70/1 General assembly. Seventieth session. https://sustainabledevelopment.un.org/post2015/transformingourworld

UN (2015), *Habitat III Issue Papers 4 – Urban Culture and Heritage.* https://europa.eu/capacity4dev/

UN (2016). *New Urban Agenda.* Habitat III, A/res/71/256 Unitet Nation Conference on Housing and Sustenable Urban Development. Kioto. http://habitat3.org/wp-content/uploads/NUA-English.pdf

UN (2016). Statistical Commission. Report of the Inter-Agency and Expert Group on Sustainable Development Goal Indicators. https://unstats.un.org/unsd/statcom/47th-session/documents/2016-2-IAEG-SDGs-Rev1-E.pdf

[64] Gravagnuolo, A. Girard, F, Luigi. Ost, C. Saleh, R. (2017) “*Evaluation criteria for a curcular adaptive reuse of cultural heritage*”. BDS. 17(2)- 185-215

UNESCO(2016), Culture urban future: global report on culture for sustajnable urban development http://www.unesco.org/culture/culture-for-sustainable-urban-development/pdf-open/global-Report_en.pdf
UNESCO (2019). CULTURE / 2030 Indicators. Paris. http://uis.unesco.org/sites/default/files/documents/publication_culture_2020_indicators_en.pdf
VVSG. Local Indicators for the 2030 Agenda (Sustenable development goals) https://www.vvsg.be/Internationaal/SDG-pagina/documents%20in%20foreign%20languages/manual_local%20SDG%20indicators.pdf